РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-457/4
13.04.2022 год.
РАНКОВЦЕ

Градоначалникот на Општина Ранковце решавајќи по барањето заведено под број 22-457/1 од 05.04.2022 година за одобрување на Планска програма за изработка на Урбанистички план вон населено место со намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Гиновци, Општина Ранковце, врз основа на член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020) донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОДОБРУВА Планската програма за изработка на Урбанистички план вон населено место со намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште и трансформатор на КП 912, 913, 914, 915, 916, 917, 918 и 919 КО Гиновци, Општина Ранковце.
2. Составен дел на ова Решение е Планската програма за изработка на Урбанистички план вон населено место со намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Гиновци, Општина Ранковце со тех.број 0-91-1/22 од Март 2022 година, изработена од ДГТУ „НИМАЕР" Благоја ДООЕЛ Струга-д.е. Скопје врз основа на Лиценца за изработување на урбанистички планови бр.0019.

## О б р а з л о ж е н и е

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам, со број 22-457/1 од 05.04.2022 година, за одобрување на Планска програма за изработка на Урбанистички план вон населено место со намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Гиновци, Општина Ранковце со тех.број 0-91-1/22 од Март 2022 година.

Градоначалникот на општина Ранковце врз основа на доставениот Предлог од Комисијата за урбанизам формирана со решение бр.08-213/1 од 10.02.2022 година, изврши увид и ги проучи прилозите кон барањето при што утврди дека кон барањето се доставени:

1. Полномошно ;
2. Планската програма за изработка на изработка на Урбанистички план вон населено место со намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Гиновци, Општина Ранковце со тех.број 0-91-1/22 од Март 2022 година, изработена од ДГТУ „НИМАЕР" Благоја ДООЕЛ Струга-д.е. Скопје;
3. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога со деловоден број 08-038-3/22 од 04.03.2022 година, изработен од ТДГР „ Ленд Кад Инжињеринг " ДОО Скопје;

4. Известување за електронска заверка на геодетскиот елаборат бр. 1110-19/2022 од 04.03.2022 година.
5. Услови за планирање на просторот за израдба на површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште и трансформатор на КП 912, 913, 914, 915, 916, 917, 918 и 919 КО Гиновци со тех.број Y11022 од април 2022 година изработени од Агенција за планирање на просторот.
6. Решение за услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање бр. УП1-15 628/2022 од 01.04.2022 година.

Врз основа на горенаведеното се констатира дека се исполнети условите од член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020), и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Правна поука:** Против решението на градоначалникот на Општина Ранковце, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski

Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, ou=Oddelenie za urbanizam, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=173169, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2022.04.13 09:04:32 +02'00'

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ * РАНКОВЦЕ *

BORCHE SPASOVSKI

Digitally signed by BORCHE SPASOVSKI
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=166537, title=GRADONACALNIK, sn=SPASOVSKI, givenName=BORCHE, cn=BORCHE SPASOVSKI
Date: 2022.04.13 09:07:30 +02'00'